**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шестото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 2 март 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број еден), со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, продолжуваме со работа по 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Имам процедурална забелешка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не можете процедурално кога ја отворам 27-та седница.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Можете да ја отворате седницата, а не да делите вакви памфлети.

Барам да се повлече овој документ, односно да се даде точно образложение за што се работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немате збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Можете да раководите со седницата, но ќе треба да ја раководите како што треба, а не да делите вакви памфлети.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате начини како тоа да го кажете.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Барам овој документ да се повлече, односно да се даде точно образложение за што се работи. Вакви лаги и намештаљки што ги правите можат да останат само за вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Таири, имате право вие да реагирате како што реагирате.

Продолжуваме со работа по 27-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Слободан Ќосев, Благој Ханџиски, Илија Ѓоргиев, Стојан Ковачевски, Драган Митевски, Нано Ружин, Илинка Митрева, Владо Сугаревски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните во салата.

На седницата се присутни 61 пратеник.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на Закон за ослободување од судски такси на штедилниците, врз кои е отворена стечајна постапка "АЛФА С" а.д, Скопје, "Лавци" ДОО Охрид и "ТАТ" ДОО - Битола и доверителите на овие штедилници, со Предлог на закон.

Бидејќи го заклучив претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ослободување од судски такси на штедилниците врз кои е отворена стечајна постапка "АЛФА С" а.д. - Скопје, "Лавци" ДОО Охрид и "ТАТ" ДОО - Битола и доверителите на овие штедилници.

Ве молам да гласаме.

40 пратеници гласаа "за", 16 се "воздржани" и 11 се "против".

Според тоа констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

31 пратеник гласаа "за", 14 се "воздржани" и 20 се "против".

Според тоа, констатирам дека не е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Минуваме на точката 10 - Предлог за именување заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлогот за именување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Пак во врска со ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не можете во врска со тоа.

Сега имаме друга точка на дневен ред.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Барам процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова не е процедурално прашање.

Ова само се доставува до пратениците и не се расправа по тоа. Само се доставува.

Прочитајте го Деловникот, па ќе видите што е деловнички.

Дали некој бара збор по оваа точка. Никој.

Го заклучувам претресот.

Предлогот за именување заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

63 пратеници гласаа "за", 2 се "воздржани" и против нема.

Констатирам дека Михајло Маневски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар Гевгелија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа "за", 1 е "воздржан" и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар Гевгелија.

Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за разрешување и именување заменик - член на Државната изборна комисија за избирачки список.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, вие знаете дека на минатата седница јас побарав јавно од вас објаснување за начинот на кој е дојдено до решенијата кои ги имаме денес во салата. Вие тогаш јавно тврдевте дека има објаснување и тоа е дело на претходната комисија, на претходниот состав. Јас барав и писмено да не известите.

Денеска е поделена таа белешка каде се објаснува текот на постапката како е дојдено до ова решение. Пратеникот Таири бара само да се доискаже во врска со вашата изјава и во врска со текстот на белешката ни е дадена затоа што се испоставува дека дента вие всушност не ја говоревте вистината околу постапката на овие мотиви во Собранието.

Затоа ве молиме, дајте ни збор процедурално да го изнесеме нашиот став по белешката и по вашата изјава во врска со ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички, на следната седница поставете како пратеничко прашање и тогаш ќе добиете збор и на редовна седница. Ова ни е продолжение и не може на продолжение на седница деловнички да зборуваме.

Но, на наредната седница поставете го како прашање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Зошто го делите ова?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За да имате на наредната седница што да прашате.

Затоа ви го поделив.

Дали некој бара збор во врска со оваа точка од дневниот ред? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

70 пратеници гласаа "за", воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување заменик - член на Државната изборна комисија за избирачки список.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Прилеп.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа "за", 2 се "воздржани", против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Прилеп.

Бидејќи 14-та точка ние ја усвоивме на минатата седница, со тоа констатирам дека дневниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,45 часот).